


# СОРАБОТНИК ЗА ФИНАНСИСКА ОПЕРАТИВА

**Локација:** ОХРИД

**Оддел:** Дирекција за Финансии/Оддел за Сметководство и даноци

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици, имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

**200 години групациско искуство**
**Erste & Steiermärkische Sparkasse**

**36 експозитури**

**повеќе од 200.000**
**клиенти во земјата**

**посветеност,кредибилет**
**и сигурност**

## Што ќе биде твојата улога

Прием и контрола на документација како основ за плаќање – фактури, договори, известувања од институции, судови, нотари, извршители и друго од домашни и странски добавувачи, институции, други правни и физички лица;

Сметководствена евиденција и контрола на фактурите во согласност со контниот план и интерните акти за евиденција на трошоците;

Внес на влезни фактури во апликацијата Главна книга и/или системот за аналитичка  евиденција;

Креирање на фајл на влезни фактури;

Обезбедување на согласност за фактурите/трошокот од соодветно одговорните;

Книжење, контрола и исплата на фактури согласно рокови за плаќање;

Евиденција и контрола на авансни плаќања;

Пренос на сомнителни побарувања и книжење на исправка;

Евиденција и следење во соодветните апликации;

Комлетирање, контрола и архивирање на прокнижани и платени фактури, договори и другата документација од својот делокруг на работење.

## Кои квалификации се потребни

ВСС -  Економски факултет;

Искуство во сметководство и финансиска анализа како и лиценца за овластен сметководител ќе се сметаат за предност;

Одлично познавање на англиски јазик (конверзација, разбирање, пишување);

Активно познавање на работа со компјутери (MS Office);

Познавања од сметководството, финансии, ИФРС стандарди, финансиски извештаи, законската регулатива од областа на банкарството;

Организациски способности, лојалност, тимска работа, одговорност, аналитички вештини, самоиницијатива и предлагање решенија, креативност.

## Кои ќе бидат твоите придобивки

Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse

Приватно здравствено осигурување

Конкурентна плата и дополнителни надоместоци

Мотивирачка организациска култура во која се почитува иницијативноста, анагажманот, но и тимскот дух

Настани и активности за добросостојбата на вработените (employee's wellbeing)

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивационо писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **23.02.2025 година** со назнака **„Апликација за СОРАБОТНИК ЗА ФИНАНСИСКА ОПЕРАТИВА“.**

**НАПОМЕНА: Работната позиција е на определено време од 6 месеци**

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

Те очекуваме!

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА! #КариераБезБариера #верувајвоиднината**

Те очекуваме!